Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 03.02.2023 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намна А4 – врмен престој, на КП 805 КО Ново Село, Општина Штип кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститори, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намна А4 – врмен престој, на КП 805 КО Ново Село, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со донесувањето на планскиот документ ќе се изгради објект со намена куќа за времен престој-викенд куќа, што ќе даде допринос кон трансформација на традиционалниот тип на домување преку проширување на неговата основна функција, внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот односно градење на објект кој се користи повремено во текот на годината. Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-934/1
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов